**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 25.11.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 4304 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар;
3. **Период опфатен со надзорот:** 10 ноември 2021;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 25 ноември 2021 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер).
6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, емитуван на 10 ноември 2021 година, на локално ниво, **<u>констатирано е прекршување на член 14 од Законот за медиуми.</u>**

Во дел од програмите емитувани на 10 ноември 2021 година, не се објавени податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник / уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Спротивно на точка 10 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците *(кога емитува програми од туѓо*

*производство, телевизијата треба да ја емитува оригиналната шпица)*, во програмите „Report TV - Goodmorning Fitness“, „Да готвиме со г-ѓа Тефта“ (Të gatuajmë me Zonjën Tefta) забавно-документарна програма, „Just for laughs-GAGS“ и „Интересни факти“ (Fakte interesante), не се објавени податоци за импресум, односно не е емитувана оригиналната шпица на програмите.

**10.11.2021**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **почеток** | **крај** |
| „Report TV - Goodmorning Fitness“ | 07:04:06 | 07:23:24 |
| „Да готвиме со г-ѓа Тефта“ (Të gatuajmë me Zonjën Tefta) забавно-документарна програма | 08:59:12 | 09:54:14 |
| „Just for laughs-GAGS“ | 12:04:05<br>17:57:56<br>22:14:43 | 12:15:15<br>18:06:06<br>22:25:18 |
| „Интересни факти“ (Fakte interesante) | 18:12:40 | 18:23:01 |
| **Опис на прекршувањето**<br><br>Во наведените програми од туѓо производство не е емитувана оригиналната одјавна шпица, односно не се објавени податоци за импресум. | | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 14 од Законот за медиуми**, телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, на 10 ноември 2021 година, во дел од емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***